Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 168/0306
11.08 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 јули 2023 година, врз основа на примена жалба од Хелсиншкиот комитет за човекови права, го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

**Текстот со наслов „*Активистите од Хелсиншки комитет го шетаат светот со народни пари*?“, објавен на порталот Инфомакс.мк на 27 јуни 2023 година ги прекршил професионалните и етички стандарди утврдени во членовите 1 и 7 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 30 јуни 2023 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесе жалба за објавувањето на текстот со наслов *„Активистите од Хелсиншки комитет го шетаат светот со народни пари?*“, од страна на порталот Инфомакс.мк на 27 јуни 2023 година.

Во жалбата се наведува дека со објавениот текст се напаѓа активизмот на Хелсиншкиот комитет за човекови права особено во областа на заштитата на правата на ЛГБТ заедницата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, упати допис до редакцијата на порталот Инфомакс со кој ѝ даде можност да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Редакцијата на порталот не испрати одговор до Комисијата за жалби.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови оцени дека во текстот се прекршени членот 1 и членот 7 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 25 јули 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст.

Комисијата констатираше дека не станува збор за новинарски производ, туку медиумот на својата Веб страница целосно и без никаква своја интервенција објавил текст на граѓанско здружение во кој се изнесуваат наводи за тоа дека Министерството за култура одобрило

средства на активисти на Хелсиншкиот комитет за учество на Конференција на ОН во Њу Јорк. Притоа, се објавуваат и фотографии од документите што се наводно добиени од извор во Министерството за култура. Натаму, во текстот се прераскажува содржината на документите, но се изнесуваат и коментари со кои се напаѓа активизмот на Хелсиншкиот комитет за правата на ЛГБТ заедницата.

Комисијата заклучи дека текстот е тенденциозен и едностран, бидејќи целта на објавата не е да се доистражат индикациите за евентуална злоупотреба на јавни пари што би било тема од јавен интерес, туку да се предизвика кај читателите негативно мислење и омраза кон припадниците на ЛГБТ заедницата и кон активистите на Хелсиншкиот комитет. Дури и кога одлучува да објави туѓ текст медиумот не е изземен од одговорноста за неговата содржина, туку негова должност е да ги доистражи информациите содржани во текстот, односно да истражи дали постапката за одобрување на средствата од страна на Министерството за култура била спроведена согласно законот и подзаконските акти на оваа институција. Медиумот ниту побарал одговор од Министерството за култура, ниту се обратил на Хелсиншкиот комитет да се изјасни во однос на наводите, со што евидентно го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите.

Покрај тоа, во објавените фотографии од документите на Министерството за култура не се избришани личните податоци на активистите на Хелсиншкиот комитет (адреса, телефон, жиро-сметка), кои според Законот за заштита на личните податоци се третираат како заштитен податок. Со тоа, медиумот го прекршил и членот 7 од Кодексот на новиарите што се однесува на повреда на правото на приватност.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **со мнозинство гласови** одлучи дека се прекршени членовите 1 и 7 од Кодексот на новинарите.

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија
Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595